# СВЕТСКИ ДЕН НА РАКОТ

4 Февруари

## Знаци на рак и симтоми

Раното откривање на ракот е еден од најмоќните начини со кој може да помогнеме да се спасат животи. Заради различните видови на рак, симптомите варираат, но сепак постојат клучни знаци и симптоми за кои треба да бидеме претпазливи

- Невообичаени грутки или отоци, кои најчесто се безболни и може да се зголемат
- Постојана, непрекината, напорна кашлица, чувство без здив и отежнато голтање
- Промени во столицата, како констипација, дијареа и/или присуство на крв во столицата
- Потреба за често и итно мокрење, или неможност за мокрење како и чувство на болка
- Необјаснива и континуирана болка, или болка што се појавува и исчезнува
- Постојано, непрекинато печење и болка во желудникот
- Намален апетит во подолг временски период
- Неочекувано крварење од вагината, анусот или за време на мокрење или при кашлање
- Необјасниво губење на тежина за краток временски период
- Поспаност, екстремен замор и голем недостаток на енергија
- Промени на бемки, со нивно зголемување, промена на форма, боја, со можно присуство на крв
- Невообичаена промена на големината на дојките, формата или конзистенцијата со промени на кожата и болка
- Изразено ноќно потење
- Појава на рани или улцери што не заздравуваат

Ако чувствувате некој од овие знаци и симптоми, побарајте медицинска помош веднаш.

worldcancerday.org

Преведено од:
Институт за јавно здравје на РСМ